









# Претрес во Скопје: пронајдена дрога и пиштол, приведен 30-годишник

од Fokus | 15.01.2025



На 14.01.2025 во 19.30 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Т.(30) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана.

Подоцна, по дополнително преземени мерки, полициските службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје со судска наредба извршиле претрес во домот на пријавениот на подрачјето на општина Аеродром, при што биле пронајдени и одземени марихуана, семки од канабис, дигитална вага, бела грутчеста материја, таблети, пиштол „Зораки М 906“ со рамка, пари и други предмети.

- Advertisements -



Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава по член 215 и член 396 од Кривичниот законик.

0


претходна вест
УЈП: Прекин во работењето на системот е – даноци од 16:30 часот

## ПОВРЗАНИ НОВОСТИ


УЈП: ПРЕКИН ВО РАБОТЕЊЕТО НА СИСТЕМОТ Е –...
15.01.2025


ВМРО-ДПМНЕ ДА СИ ЈА ГЛЕДА СОРАБОТКАТА СО ДУИ...
15.01.2025


КРИМИНАЛЦИТЕ ОД ДУИ РЕАГИРААТ ЗА АНДОНОВСКА ЗАТОА ШТО...
15.01.2025









@2020 - All Right Reserved. Hosted with ♥ by Host.mk